ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-30/38
Дата, Data 25-01-2021
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.7/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

**ОДЛУКА**

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Коха" и Слободен печат на ден 28.12.2020 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (фекална вода), во Одделение за експлоатација на капацитети во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, се избира кандидатот:

**1.Шефајет Шерифи**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401-30/22 од 20.01.2021 година и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-30/37 од 22.01.2021 година, по Јавен оглас бр.7/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос по конечноста на оваа одлука со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

**Член 6**

Одлука влегува во сила по конечноста.

Образложение

Со одлуката арх.бр.0401-10565/1 од 25.12.2020 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.07/2020 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (фекална вода), во Одделение за експлоатација на капацитети во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети.

Јавниот оглас бр.07/2020 беше објавен на ден 28.12.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.07/2020 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 20.01.2021 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кои аплицирале при што констатира дека на јавниот оглас бр.07/2020 за вработување на даватели на јавна услуга за работното место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (фекална вода) во Одделение за експлоатација на капацитети во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети за 1 (еден) извршител се пријавиле вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата од кога ги разгледа документите од кандидатите кои аплицираа, ја изврши административната селекција и утврди дека аплицирале 1 (еден) уреден и 1 (еден) неуреден кандидат.

Комисијата утврди дека Пријавата за вработување бр.0401-30/7 од 05.01.2021 година доставена од кандидатот Јакуп Рамуши е неуредна поради тоа што:

- Во пријавата не е наведен редниот број и целосниот назив на работното место;
- Нема доставено Уверение или Решение за државјанство (копија);
- Нема доставено свидетелства од I до IV година средно образование (фотокопија) и диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар);
- Нема доставено доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност (доставената потврда е постара од 6 месеци) и
- Нема доставено доказ за работно искуство.

Согласно член 20-г став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор, на ден 15.01.2021 година, комисијата го задолжи кандидатот Јакуп Рамуши во рок од три дена да ја уреди пријавата и да ги достави потребните документи, во спротивно пријавата ќе биде исклучена од понатамошната фаза на постапката по јавниот оглас.

Кандидатот во законски предвидениот рок не ја уреди пријавата по јавниот оглас и не ги достави потребните документи, поради што комисијата одлучи:

1. Пријавата за вработување бр.0401-30/7 од 05.01.2021 година доставена од кандидатот Јакуп Рамуши да ја елиминира од понатамошната постапка за селекција (Фаза 2).
2. Пријавата за вработување бр.0401-10565/6 од 30.12.2020 година доставена од кандидатот Шефајет Шерифи е уредна.

По спроведено интервју со кандидатот кој ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидати изготви Записник арх.бр.0401-30/37 од 22.01.2021 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидати со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.7/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 28.12.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која за склучување договор за вработување за работно место КДР0305Б02052 Оператор на пумпна станица (фекална вода), во Одделение за експлоатација на капацитети во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети, ќе го избере кандидатот Шефајет Шерифи.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во депозитивот.

**Правна поука:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси х 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски